I

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-41/3**
**Скопје, 27.03.2026 година**

# ЗАПИСНИК

## од четириесета седница одржана на 27.03.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Четириесетата седница на Советот на јавните обвинители, првично закажана за 18.03.2026 година се одложи за ден 27.03.2026 година.

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесетата седница на Советот и го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 38-ма и 39-та седница на Советот;
2. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје;
3. Донесување на одлука за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје и
4. Разно.

Предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред, едногласно од страна на членовите на Советот беа усвоени записниците од 38-мата и 39-тата седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопе се пријавиле десет кандидати од кои двајца ја имаат повлечено пријавата и тоа јавните обвинители Артан Ајро и Трајче Пеливанов. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на пријавените кандидати и тоа: Марија Ѓоргева, Валентина Бислимовска, Енѓелуше Кадриу Леши, Александар Маркоски, Ана Говска Јакимовска, Ивана Алексова Трајчева, Ана Стојковиќ Димитровска и Сузана Мирчева Кузмановска. Кажа дека секој кандидат ги исполнува условите предвидени со закон, дека сите се позитивно оценети, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема членот г-ѓа Светлана Стојковиќ која во своето излагањето се осврна на измените во однос на траењето на мандатот на јавните обвинители во ОЈО ГОКК од четири на седум години со новото предлог-законско решение во предлог Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители, а на кои законски измени Советот преку свои претставници учествувал во работните групи. Посочи дека петмина од пријавените кандидати веќе имаат по два до три мандати во ОЈО ГОКК, што значи дека веќе осум или повеќе години работат во ова јавно обвинителство. Смета дека мандатот од седум години не е прекраток за да се даде максимум во работењето на едно работно место или позиција, а од друга страна смета дека е доволен период како не би дошло до концентрација на моќ, што е можно да се случи доколку се помине подолго време во ова јавно обвинителство каде се решаваат предмети од најсложен вид на криминал. Кажа дека од извршените интервјуа со кандидатите добиен е впечаток за сите дека се работи за квалитетни јавни обвинители со докажана стручност и професионалност, но дека својот глас би го дала за тројца јавни обвинители кои што доаѓаат од ОЈО Скопје, а досега немаат работено како јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, а во своите матични јавни обвинителства се повеќе од 10 година со истакнати резултати во работењето. Посочи дека при изборот треба да се внимава и на правичната застапеност на националностите кои не се мнозинство во РСМ, а бидејќи од нив нема пријавено нови кандидати, помеѓу петте кандидати на кои веќе им е истечен мандатот се двајца јавни обвинители од редот на националностите, па гласот би го дала за еден од нив за кој смета дека е поуспешен и поквалитетен во работењето.

Членот на Советот г-ѓа Кети Петкова кажа дека го дели ставот на колешката Светлана Стојковиќ и дека со новите измени на Законот за јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители предвиден е мандат од седум години во ОЈО ГОКК кој е доволен јавните обвинители да можат да ја заокружат својата јавнообвинителска кариера. Кажа дека оваа препорака е и препорака на Венецијанската комисија каде има измени и во однос на втор мандатот на Државниот јавен обвинител. Додаде дека ќе го даде својот глас за тројцата обвинители што досега не биле избрани во ОЈО ГОКК, но и за Енѓелуше Кадриу Леши со цел да се запази правичната застапеност.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кажа дека не учествувал во интервјуата на кандидатите, но ги проучил материјалите за сите осум кандидати за јавни обвинители во ОЈО ГОКК. Додаде дека ги познава сите кандидати и е запознаен со нивната работа, дека својот глас ќе го даде за тројцата кандидати кои не доаѓаат од ова јавно обвинителство, од причина што смета дека треба да им се даде шанса и на други обвинители. За сите кандидати од ОЈО ГОКК има високо мислење и дека се квалитетни во своето работење. Истакна како главен критериум за неговата одлука е да на секој јавен обвинител надвор од подрачјето на Скопје му се даде можност да се пронајде во едно обвинителство. Сепак го разочарува фактот што за 5 места пријавени биле само 8 кандидати. Кажа дека би сакал на сите обвинители да им се даде шанса и да веруваат дека ќе им се даде можност да напредуваат во кариерата, а сега својот глас ќе го даде за кандидатите Александар Маркоски, Ана Стојковиќ Димитровска и Ана Говска Јакимовска, како и за јавниот обвинител Енѓелуше Кадриу Леши која доаѓа од националностите кои не се мнозинство во РСМ.

Членот на Советот г-дин Ардиан Демири по однос на пријавените кандидати кажа дека како член на комисијата која го спровела интервуто има лични впечатоци од самата комуникација со кандидатите, дека сите кандидати се солидни без никаква замерка во нивното работење, но како поприфатливи кандидати би ги издвоил Александар Маркоски, Ана Стојковиќ Димитровска и Ана Гоговска Јакимовска. Во однос на националностите каде што кажа дека согласно Уставот треба да се запазат тие принципи, посочи дека нема нови кандидати кои конкурирале за ова јавно обвинителство, а кои се дел од заедниците кои не се мнозинство во РСМ. Наведе дека познавајќи ги приликите во јавното обвинителство се сомнева дека и во иднина од малцинските заедници би се јавиле повеќе кандидати, со оглед дека условите за избор во ова јавно обвинителство се поспецифични. Поради тие причини кажа дека би гласал и за пријавените два кандидати кои се од националностите, поради запазувањето на принципот на соодветна и правична застапеност, што е воедно уставна и законска обврска.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиевска се согласи со дискусиите на колегите, како и со нивните предлози и ставови. Смета дека кандидатите кои веќе биле два или повеќе мандати како јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје имаат дадено голем придонес во работата на ова јавно обвинителство, меѓутоа смета дека би требало овој пат да се даде шанса на другите кандидати кои што доаѓаат од ОЈО Скопје, а кои имаат солиден работен стаж, односно работно искуство како јавни обвинители, посебно јавниот обвинител Александар Маркоски, кој 16 години е јавен обвинител. Смета дека истите би можеле да се соочат и да одговорат на сложеноста на работата во ОЈО ГОКК. Како член на Комисијата која ги спроведувала интервјуата во Советот, во однос на кандидатот Александар Маркоски наведе дека станува збор за исклучително искусен и амбициозен јавен обвиниел кој сака да се соочи со потешкотиите што ги носи ова јавно обвинителство, дека јавниот обвинител и е доктор по правни науки, а за другите две колешки во непосредна комуникација со останатите колеги, стекнала впечаток дека станува збор за исклучителни стручни јавни обвинители кои ќе одговорат на предизвиците во ОЈО ГОКК. Во делот на соодветната и правичната застапеност на припадниците кои не се мнозинство во РСМ, смета дека треба да се даде предност на кандидатот Енѓелуше Кадриу Леши и покрај тоа што има два мандата во ова јавно обвинителство, со цел да се запази правичната застапеност.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека се гордее со новиот Закон за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители кои треба да поминат во Собранието на РСМ, каде е предвидено мандатот на јавните обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје да биде 7 години, од причина што застапеноста може да биде поголема каде и останатите кандидати кои не се македонци, ќе се јавуваат на огласот и ќе имаат предизвик, бидејќи по завршувањето на седум годишниот мандат, кандидатите по систем на кариера ќе можат да напредуваат во повисоко јавно обвинителство или пак директно во ЈОРСМ за што ќе има и законски основ.

Откако никој друг не зема збор, се премина на гласање за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје.

Кандидатот Марија Ѓоргева доби 0 гласа ЗА, кандидатот Валентина Бислимовска доби 2 гласа ЗА, 8 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, кандидатот **Енѓелуше Кадриу Леши доби 11 гласа ЗА**, кандидатот **Александар Маркоски доби 11 гласа ЗА**, кандидатот **Ана Гоговска Јакимовска доби 11 глас ЗА**, кандидатот Ивана Алексова Трајчева доби 2 гласа ЗА, 9 гласа ПРОТИВ, кандидатот **Ана Стојковиќ Димитровска доби 11 гласа ЗА** и кандидатот Сузана Мирческа Кузмановска доби 1 глас ЗА и 10 гласа ПРОТИВ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Енѓелуше Кадриу Леши, јавниот обвинител Александар Маркоски, јавниот обвинител Ана Гоговска Јакимовска и јавниот обвинител Ана Стојковиќ Димитровска за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција -Скопје.**

Под точката три од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје се пријавиле 7 кандидати од кои двајца кандидати ги повлекле пријавите и тоа јавните обвинители Џељал Бајрами и Трајче Пеливанов, така што кандидати за Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје се јавните обвинители: Фатиме Фетаи, Александар Маркоски, Владимир Милошески, Јасмина Костеска Здравеска и Артан Ајро. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со биографиите и движењето на кариерата на секој од кандидатите поединечно. Наведе дека кандидатите ги исполнуваат условите предвидени со закон и дека сите се позитивно оценети, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири кој најпрво им го честита изборот на колегите кои беа избрани за јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, додека по однос на кандидатите за ВЈО на ВЈО Скопје кажа дека при гласањето ќе го искаже свое мислење зошто гласал за кандидатот.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека со оглед на повлечените пријави, сега се останати четворица кандидати за ВЈО на ВЈО Скопје, имајќи во предвид и дека еден од кандидатите е избран за јавен обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје. Сите јавни обвинители се позитивно оценети за својата работа од кои тројца јавни обвинители доаѓаат од ВЈО Скопје. Со оглед на позитивна оцена на нивната работа, извештаите за работа, како и спроведените интервјуа може да каже дека станува збор за јавни обвинители кои се посветени на својата работа, ги познаваат состојбите во јавното обвинителство и изразуваат подготвеност да го дадат својот максимум при вршењето на функцијата ВЈО на ВЈО Скопје. Наведе дека имала еден предлог до денешниот ден, меѓутоа тој кандидат ја повлекол кандидатурата, а се разликувал од останатите по тоа што веќе имал докажано искуство во менаџирање на јавно обвинителство каде бил заменик на ОЈО ГОКК Скопје. Како втор предлог е јавен обвинител во однос на кој смета дека меѓудругото поседува и раководни способности, односно претходно раководел со Одделението за сложен криминал во ОЈО Скопје, а кој е и јавен обвинител во ВЈО Скопје.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кажа дека останува на претходно искажаните ставови, а тоа е да се даде можност и шанса и на други јавни обвинители освен на јавните обвинители на кои претходно им била дадена шансата. Од двете пријавени колешки, јавниот обвинител Фатиме Фетаи е дел од ВЈО Скопје, како и кандидатите Владимир Милошески и Артан Ајро, а колешката Јасмина Костеска Здравеска е единствена која конкурира, а не е јавен обвинител во ВЈО Скопје и дополни дека за неа би го дал својот глас. Смета дека е јавен обвинител кој поседува интегритет и има одлични комуникациски вештини.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиевска се согласи со предлогот и ставот на државниот јавен обвинител, бидејќи била член на Комисијата која го спроведувала интервјуто со овој кандидат - јавниот обвинител Јасмина Костеска Здравеска, при што истата оставила позитивен впечаток во однос на нејзината спремност и подготвеност да се справи со сите предизвици и проблеми со кои се соочува ВЈО Скопје. Наведе дека ќе гласа за овој кандидат.

Г-ѓа Кети Петкова се согласи со дискусиите на Државниот јавен обвинител и членот на Советот Марјана Илиевска. Напомена дека кандидат Јасмина Костеска Здравеска

била кандидат кој конкурирал за член на Советот на јавните обвинители па добила голем број на гласови, дека нејзиниот однос со колегите и странките е на високо ниво, има 13 години стаж како јавен обвинител и смета дека може да допринесе за подобрување на состојбите во ВЈО Скопје.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје.

Кандидатот Фатиме Фетаи доби 2 гласа ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Александар Маркоски доби 11 гласа ПРОТИВ, кандидатот Владимир Милошески доби 1 глас ЗА и 10 гласа ПРОТИВ, кандидатот Јасмина Костеска Здравеска доби 4 гласа ЗА и 7 ПРОТИВ и кандидатот Артан Ајро доби 3 гласа ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија не донесе одлука за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, бидејќи ниту еден од кандидатите не го доби потребниот број на гласови за да биде избран за Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје.**

Под точка разно никој не зема збор, по што Претседателот на Советот ја заклучи четириесетата седница на Советот.

**Записникот го водел,**
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Башким Бесими